IMPERIAL BRANDS



# ПОСИЛНО, ПОДОБРО, ЗАЕДНО
# КАКО ГО ПРАВИТЕ ТОА

# СОДРЖИНА


- НАШИТЕ ОДНЕСУВАЊА
- ВОВЕД
- ВАЖНОСТ НА КОДЕКСОТ И КАКО СЕ ПРИМЕНУВА
- КАКО ГО ПОДДРЖУВАМЕ КОДЕКСОТ
- НАШИ ЛУЃЕ
- НАША КОМПАНИЈА
- НАШИ КЛИЕНТИ И ДОБАВУВАЧИ
- НАШИ ЗАЕДНИЦИ


**ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ**
Користете го ова копче за да најдете дополнителни информации на оваа тема.

**ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ**
Повеќе прашања и одговори за да ве насочат, може да се најдат тука.

**ИЗЈАСНУВАЊЕ**
За детали како да се изјасните кликнете на оваа икона.

# НАШИТЕ ОДНЕСУВАЊА





Започнете со **потрошувачот**



Соработувајте **со цел**



Преземете одговорност **со самодоверба**



Бидете автентични, **инклузивни за сите**



Изградете ја **нашата иднина**



## Започнете со **потрошувачот**

- Сè што правиме започнува имајќи го потрошувачот на ум
- Направете цел да ви биде да ги разберете потрошувачите
- Бидете остроумни во изборот што го правите – бидете љубопитни, поставувајте прашања, користете факти и податоци, барајте алтернативни ставови за да го тестирате вашето размислување
- Комбинирајте податоци и сознанија, како и вашиот инстинкт и искуство за донесување одлуки
- Испорачајте квалитет во работата што ја работите

**Основен начин на размислување**

Сè што правиме започнува со потрошувачот
 – тука сме заради него

Познавањето на нашите потрошувачи е клучот за отклучување на нашиот иден успех

Добрите одлуки се носат со комбинирање на податоци, сознанија и искуство



## Соработувајте **со цел**

- Споделете го вашето знаење и искуство со другите
- Слушајте и почитувајте ја стручноста на вашите колеги
- Имајте влијание, не диктирајте
- Верувајте им на другите – не треба да контролирате сè
- Балансирајте ги локалните агенди со потребите на IMB (имајте ја предвид поголемата слика)
- Натпреварувајте се надвор, не внатре

**Основен начин на размислување**

Дел од мојата работа е да им помагам на другите да бидат успешни

Не морам да контролирам сè

Работењето во соработка со другите ќе донесе подобри резултати за сите



## Преземете одговорност **со самодоверба**

- Бидете одговорни и барајте одговорност од другите
- Исполнете го она што го ветувате
- Останете недвосмислено фокусирани на договорените приоритети
- Оставете ги работите кои повеќе не се важни
- Искажувате конструктивни сомнежи и бидете отворени за истото кон вас
- Не обвинувајте ги другите

**Основен начин на размислување**

Заложбата си е заложба

Во ред е да се искаже мислењето

Кога ќе ја направам вистинската работа, мојот придонес ќе биде оценет праведно



## Бидете автентични, **инклузивни за сите**

- Најдете време да им посакате добредојде на луѓето
- Пофалете и ценете го придонесот на другите
- Грижете се еден за друг – без исклучоци
- Славете ги разликите како силна страна
- Покажете го вашето автентично јас
- Внесете искреност, отвореност и понизност во тешките разговори

**Основен начин на размислување**

Ме прифаќаат

Ме ценат

Колку сме поразлични, толку посилен ќе биде нашиот бизнис



## Изградете ја **нашата иднина**

- Предвидете ги идните можности и предизвици
- Бидете еден чекор понапред, секогаш
- Балансирајте ги долгорочните и краткорочните перформанси
- Работете на подобрување на нештата
- Прифаќајте ги промените и поздравувајте ги иновациите – бидете желни да пробувате нови работи и подготвени да учите од неуспесите

**Основен начин на размислување**

Верувам во нашиот успех

Важно е да се пробуваат нови работи

Учењето од нашите неуспеси и неуспеси е начинот на кој учиме да бидеме успешни

# ПОЧИТУВАН КОЛЕГА

ОДГОВОРНОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ Е КЛУЧНО ЗА ОДРЖУВАЊЕ НА НАШАТА ГЛОБАЛНА РЕПУТАЦИЈА КАКО ПАРТНЕР И РАБОТОДАВАЧ ОД ДОВЕРБА. КАКО ШТО ВЕЛИМЕ КОГА ЗБОРУВАМЕ ЗА НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ, „НИЕ СЕ ГОРДЕЕМЕ СО СЕ ШТО РАБОТИМЕ И КАКО ТОА ГО РАБОТИМЕ. ДЕЈСТВУВАЊЕТО СО ОДГОВОРНОСТ И ИНТЕГРИТЕТ НИ ПОМОГНА ДА СОЗДАДЕМЕ И ОДРЖИМЕ УСПЕШЕН БИЗНИС“.



Сложените предизвици со кои се соочуваме на нашите пазари и нашата застапеност низ светот значат дека ние сме под постојана контрола. Ние може да работиме на контроверзен пазар, но нашето работење никогаш не треба да биде такво.

Заедничките и поединечните дејства може да имаат моќно влијание врз нашата репутација со нашите потрошувачи, клиенти, акционери, заедници и влади. Во свет што се повеќе се поврзува, никогаш не било поважно да се осигури дека сите наши активности се извршуваат со највисок интегритет.

Нашиот ревидиран Кодекс на однесување (кодекс) е од суштинско значење за нашата долгорочна одржливост и ги поставува стандардите за одговорни однесувања што сите треба да ги следиме во секој дел на Imperial Brands. Вашата посветеност на стандардите поставени во кодексот е од суштинско значење за поддржување на нашата деловна стратегија, па ве молиме да го прочитате кодексот и да се осигурите дека точно сте разбрале што се очекува..

**Stefan Bomhard**
Главен извршен директор



## ПОСИЛНО И ПОДОБРО РАБОТЕЊЕ ЗАЕДНО

Го изградивме нашиот бизнис со посилно и подобро работење заедно.

Нашите вредности се основата на кодексот. Заедно, нашите вредности и кодексот ни помагаат да ги донесеме правилните одлуки. Кодексот ни помага да се справиме со ситуации што може да инцираат етички и правни прашања.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

ИЗЈАСНУВАЊЕ

# ВАЖНОСТ НА КОДЕКСОТ И КАКО СЕ ПРИМЕНУВА

## СЛЕДЕЊЕ НА КОДЕКСОТ

Од сите наши луѓе се очекува да го следат кодексот. Ние очекуваме луѓето што работат со нас да бидат запознаени со кодексот и да го следат кога дејствуваат во наше име.

Деловите во кодексот се: **Наши луѓе**, **Наша компанија**, **Наши клиенти и добавувачи** и **Наши заедници**.

## НАШИ ОДГОВОРНОСТИ

Сите ние имаме улога која треба да ја исполниме во создавањето на работна средина што промовира интегритет, тимска работа и доверба. Секој од нас е одговорен за:

- Усогласување со законот и кодексот и одговорно однесување, со интегритет и добра намера
- Кон секого да се однесува чесно и со почитување, да охрабрува отворена комуникација и да размислува за тоа како нашите одлуки влијаат на другите
- Градење доверба со поставување прашања, искажување грижи и изјаснување.

## ОДГОВОРНОСТИ НА ЛИНИСКИТЕ РАКОВОДИТЕЛИ/ПРЕТПОСТАВЕНИ

Ако сте Претпоставен:

- Поделете го и објаснете го кодексот
- Осигурете се дека нашите луѓе го разбираат кодексот
- Бидете пример за следење на кодексот
- Охрабрете ги нашите луѓе да поставуваат прашања, да искажуваат грижи и да се изјаснуваат. Кога го прават тоа, треба внимателно да слушате и соодветно да дејствувате.

**БИДЕТЕ АВТЕНТИЧНИ, ИНКЛУЗИВНИ ЗА СИТЕ**

**Внесете искреност, отвореност и понизност во тешките разговори**

# ДОНЕСУВАЊЕ ЕТИЧКИ ОДЛУКИ

Важно е да донесуваме одлуки со кои може да се гордееме. Ако кај вас постои загриженост по која насока на дејствување да тргнете во какво било ситуација, прашајте се себе си:




## ВАЖНОСТА НА БАРАЊЕТО ПОМОШ И ИЗЈАСНУВАЊЕТО

Со споделување на нашите мислења и грижи, ние може да иновираме, да подобруваме и да станеме поефективни. Со тоа што ќе им кажеме на луѓето за небезбедните услови или за несоодветното однесување, ние може да ги намалиме ризиците и да разрешиме проблеми за да создадеме подобро, побезбедно работно место.

Ако се сомневате дека дошло до прекршување на законот или кодексот, треба да ја пренесете вашата загриженост. Може да се обратите до:

- Претпоставениот
- Одделот за човечки ресурси
- Раководниот тим
- Правен советник или правната служба
- Секретарот на компанијата.

Ако не се чувствувате пријатно да зборувате со некој внатре во компанијата може да ги пренесете вашите грижи независно користејќи **ја нашата услуга за Изјаснување.**

## БЕЗ ТОЛЕРАНЦИЈА ЗА ОДМАЗДУВАЊЕ

Ние не толерираме одмазда против поединец кој открива постоечко или сомневано прекршување на кодексот или ни помага во истрагата. Одмаздата може да доведе до дисциплинска постапка, и да вклучи и отказ.

# КАКО ГО ПОДДРЖУВАМЕ КОДЕКСОТ

## УПРАВУВАЊЕ

Ние спроведуваме еден интегриран пристап на управување, усклаĸден со моделот на „три лини на одбрана“. Даваме совети, обуки и алатки за да ни помогне на сите нас да постапуваме во согласност со кодексот, нашите политики и стандарди и со законите и прописите што сите не засегнуваат.

Секретарот на нашата компанија е одговорен за надзор на управните структури, контроли и активностите на Групата. Поддржан од страна на тимот за управување, секретарот на компанија работи со центрите за извонредност од “втората линија” за да се обезбеди јасност за разбирање во групата, со цел присилување на добро корпоративно и индивидуално однесување во целата група.

**ПРЕЗЕМЕТЕ ОДГОВОРНОСТ СО САМОДОВЕРБА**

**Бидете одговорни и барајте одговорност од другите**

## ИСТРАГИ

Ние имаме постапки за да се осигураме дека сите грижи се обработуваат конзистентно низ бизнисот. Сите истраги се спроведуваат во согласност со нашите правни обврски и таму каде што е можно ќе ја штитиме доверливоста.

## ДИСЦИПЛИНСКА МЕРКА

Поединците кои се вклучени во прекршувањето на кодексот може да подлежат на дисциплински мерки вклучувајќи и отказ. Прекршувањата на законот исто така може да подлежат на казни одредени од суд или друго владино тело.

**Кодекс на однесување:** Ги поставува стандардите на деловната пракса во чии рамки ние сите ги извршуваме нашите улоги

**1-ВА ЛИНИЈА НА ОДБРАНА**

- Контрола на менаџментот
- Операционализирајте политики, постапки, обуки и стандарди

**2-РА ЛИНИЈА НА ОДБРАНА**

- Центри за експертиза
- Финансиски надзор
- Комитети на групата

**3-ТА ЛИНИЈА НА ОДБРАНА**

- Внатрешна ревизија

Управување со ризик, спроведување на процеси и контрола, почитување на законите и активности за осигурување



## ПОСИЛНО, ПОДОБРО, ЗАЕДНО

# СО НАШИТЕ ЛУЃЕ

ИМАМЕ СИЛНО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ЛУЃЕТО СО КОИ РАБОТИМЕ СЕКОГАШ СЕ ТРУДИМЕ ДА ИЗГРАДИМЕ РАБОТНА СРЕДИНА КОЈА ПРОМОВИРА ИНТЕГРИТЕТ, ТИМСКА РАБОТА, РАЗЛИЧНОСТ И ДОВЕРБА.


**10** | Ценење на различностите и инклузијата и спречување вознемирување

**11** | Промовирање на безбедно и здраво работно место

**12** | Почитување на човековите права

**13** | Одговорна употреба на социјалните медиуми



## ЛУЃЕТО СЕ ЛУЃЕ

Ја почитуваме секоја личност каква што е и за тоа што може да го направи, без оглед на возраст, раса, потекло, пол, сексуална ориентација, инвалидитет, политички гледишта, религија, брачна состојба, физичко или ментално здравје или каков било друг правно заштитен статус.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

ИЗЈАСНУВАЊЕ

# ЦЕНЕЊЕ НА РАЗЛИЧНОСТИТЕ И ИНКЛУЗИЈАТА И СПРЕЧУВАЊЕ ВОЗНЕМИРУВАЊЕ

НИЕ КОН СЕКОГО СЕ ОДНЕСУВАМЕ ЧЕСНО И СО ПОЧИТ. ГИ ПРИЗНАВАМЕ ПОЕДИНЦИТЕ ПОРАДИ ТОА ШТО СЕ И ШТО МОЖЕ ДА НАПРАВАТ.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Работењето посилно и подобро заедно значи дека ние ги почитуваме индивидуалните гледишта и придонес. Не е само заради усогласеноста; ние го правиме тоа бидејќи е правилно. Формирањето различни тимови може да помогне во поттикнувањето на иновациите и резултатите од работењето од перспектива на предизвик.

**БИДЕТЕ АВТЕНТИЧНИ, ИНКЛУЗИВНИ ЗА СИТЕ**

Пофалете и ценете го придонесот на другите

## ШТО ПРАВИМЕ

- Создаваме работна средина што дозволува еднакви можности така што нашите луѓе се вработени непристрасно, безбедно и во согласност со применливите закони и прописи за вработување
- Работиме со работнички совети, работнички синдикати и работнички здруженија во земјите каде што тие постојат
- Прикажуваме почит кон другите за вредноста што ја носат без оглед на нивната култура, верувања и начин на живеење.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не дискриминираме
- Не прифаќаме и не придонесуваме за што и да е што исклучува поединец или група
- Не вознемируваме, не злоупотребуваме и не се согледуваме како навредливи, заплашувачки, злобни или навредувачки
- Не пропуштаме да укажеме кога погрешно се постапува кон другите.



# ПРОМОВИРАЊЕ НА БЕЗБЕДНО И ЗДРАВО РАБОТНО МЕСТО

## НИЕ САКАМЕ ЗДРАВА, БЕЗБЕДНА И ПРОДУКТИВНА РАБОТНА СРЕДИНА ЗА СИТЕ НАШИ ЛУЃЕ, ДЕЛОВНИ СОРАБОТНИЦИ, ПОСЕТИТЕЛИ И БЛИСКИТЕ ЗАЕДНИЦИ.

### НАДМИНУВАЊЕ НА ОСНОВНИТЕ БАРАЊА

Нашите стандарди за животна средина, здравје и безбедност често го надминуваат она што се бара според закон бидејќи ние сакаме да ја обезбедиме најдобрата грижа за нашите луѓе.

### ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Грижата за самите себе и другите вклучени во нашиот бизнис е важна. Тоа е вистинското нешто што може да се направи и создава позитивна работна средина.

**ПРЕЗЕМЕТЕ ОДГОВОРНОСТ СО САМОДОВЕРБА**

**Бидете одговорни и барајте одговорност од другите**

### ШТО ПРАВИМЕ

- Преземаме одговорност за здравјето, безбедноста и нашата благосостојба и споделуваме соодветни грижи за другите.
- Ги следиме нашите здравствени и безбедносни процедури на работното место, дури и ако тие се построги од локалните правни барања
- Се изјаснуваме доколку сме биле сведоци или се сомневаме за какво било безбедносно прашање (на пр. несреќа, инцидент, неуспех или прекршување), користење на супстанции, злоупотреба или насилно однесување.

### ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не доаѓаме на работа под влијание на лекови или алкохол и не ги штитиме оние што го прават тоа
- Не толерираме или не учествуваме во какво било насилство, заканувачко однесување или физичко заплашување
- Не дејствуваме на каков било начин што ќе го доведе нашето здравје и безбедност или она на другите во ризик.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ



## ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** Ние сме во процес на воспоставување на партнерство со нов добавувач, но сме загрижени дека работните услови на нивните вработени се под нивото што го очекуваме. Добавувачот не увери дека ќе ги направат потребните промени ако им биде доделен нашиот договор. Според ова уверување, може ли да продолжиме?

**О:** Ние очекуваме нашите добавувачи да се однесуваат кон нивните вработени чесно и да се усогласат со нашите стандарди и закони. Овој добавувач можеби не е соодветен деловен партнер. Треба да разговарате за вашите грижи со вашиот претпоставен, службата за набавки и вашиот правен советник.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

# ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

ЈА ЦЕНИМЕ БЕЗБЕДНОСТА, ДИГНИТЕТОТ И БЛАГОСОСТОЈБАТА НА НАШИТЕ ЛУЃЕ И НА ОНИЕ ШТО ГО ПОДДРЖУВААТ НАШИОТ БИЗНИС.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Ги почитуваме човековите права преку нашето дејствување и очекуваме нашите деловни партнери да го прават истото. Ова го ограничува ризикот по репутацијата и води до подобри работни партнерства. Ние бараме нашите добавувачи и соодветните организации да се усогласат со или да ги надминат меѓународните стандарди за работна сила.

Почитувањето на човековите права е важно за нашите луѓе, нашата надворешна репутација, нашиот синџир на набавка и нашата работна дозвола. Ние ги почитуваме најосновните човекови права вклучувајќи неангажирање на детски труд, неангажирање на присилен труд и слобода на здружување.

## ШТО ПРАВИМЕ

- Се грижиме за здравјето, безбедноста, дигнитетот и благосостојбата на нашите луѓе
- Ги следиме нашите практики и упатства за вработување
- Се грижиме за човековите права во рамките на можните нови вложувања и заеднички претпријатија
- Работиме со нашите добавувачи да ги подобриме стандардите на синџирот на набавка.

**БИДЕТЕ АВТЕНТИЧНИ, ИНКЛУЗИВНИ ЗА СИТЕ**

Славете ги разликите како силна страна

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не вработуваме никого под 15 години или на возраст помала од минималната локална возраст за вработување или задолжителна школска возраст-која е повисока
- Не вработуваме никого под 18 години да работи на опасни задачи
- Не пропуштаме да укажеме доколку видиме прекршување на човековите права.



## ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** Јас и моите пријатели сме многу активни на социјалните мрежи. Објавуваме слики и извештаи за нашите патувања и авантури. Следната недела ќе одам на деловно патување за да присуствувам на работна конференција. Може ли да објавам слики и извештаи во текот на моето патување?

**О:** Може да објавувате за вашето патување и што правите во слободното време додека сте на патување, но не треба да пишувате коментари кои се однесуваат на содржината на работната конференција или да прикажувате ваши слики на кои нашата компанија е негативно претставена.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

# ОДГОВОРНА УПОТРЕБА НА СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ

ГИ КОРИСТИМЕ СОЦИЈАЛНИТЕ МЕДИУМИ ОДГОВОРНО ЗА ДА ГО ПРИКАЖЕМЕ НАЈДОБРОТО ОД ОНА ШТО НИЕ И БИЗНИСОТ МОЖЕ ДА ГО ПОНУДИМЕ.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Нашата репутација зависи од дејствувањето одговорно и со интегритет. Социјалните медиуми може да ни помогнат да споделиме информации за компанијата, нашите позиции, нашата марка и информациите за производот. Сепак, едноставна грешка може негативно да влијае врз нашата репутација многу брзо.

**ЗАПОЧНЕТЕ СО ПОТРОШУВАЧОТ**

Сè што правиме започнува имајќи го потрошувачот на ум

## ШТО ПРАВИМЕ

- Внимателни сме да се прикажеме себеси и нашата компанија на позитивен начин за да ги заштитиме нашите вредности и репутација
- Правиме разлика помеѓу лична и деловна комуникација
- Се идентификуваме себеси како вработен кога ја поддржуваме нашата компанија или производите
- Се усогласуваме со нашите упатства за социјални медиуми.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не дозволуваме времето поминато на социјалните медиуми да ја попречува нашата работа
- Не даваме негативни или лажни изјави што може да се согледаат како прекршување на законот
- Не ја претставуваме компанијата на социјалните медиумски платформи освен со одобрение тоа да го правиме во известувањата на службените социјални медиуми на компанијата како на пример Твитер
- Не откриваме никакви доверливи, приватни или сопственички информации за нашата компанија, клиентите, добавувачите или колегите
- Не објавуваме ништо што се чини дека е поддржано од, или е во име на, нашата компанија кога не е така
- Не ги користиме социјалните медиуми да продаваме или да ги рекламираме нашите производи освен ако не е дозволено од локалните закони или прописи и доколку не е допуштено од Службата за дигитални медиуми.




# ПОСИЛНО, ПОДОБРО, ЗАЕДНО
# СО НАШАТА КОМПАНИЈА

## НИЕ ВЕРУВАМЕ ВО ДОВЕРБА, НЕПРИСТРАСНОСТ И ЧЕСНОСТ И СЕ ШТО ПРАВИМЕ ГО ОДРАЗУВА ТОА.


15 | Обезбедување на точност на податоците на компанијата и нивното објавување
16 | Користење на ресурсите на компанијата
17 | Интелектуална сопственост
18 | Избегнување на конфликти на интерес
19 | Заштита на личните информации
20 | Успешно управување со информации
21 | Чување на доверливоста на информациите
22 | Управување со безбедноста на информациите
23 | Избегнување тргување со повластени информации

# ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТОЧНОСТ НА ПОДАТОЦИТЕ НА КОМПАНИЈАТА И НИВНОТО ОБЈАВУВАЊЕ



## НИЕ ЧЕСНО, ТОЧНО И ОБЈЕКТИВНО ГИ ПРИЈАВУВАМЕ И ЕВИДЕНТИРАМЕ СИТЕ НАШИ ФИНАНСИСКИ И НЕФИНАНСИСКИ ИНФОРМАЦИИ.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Поседувањето чесна и потполна финансиска и деловна документација значи дека ние може да донесеме подобри деловни одлуки, да ги заштитиме нашите ресурси и да ги постигнеме нашите правни и регулаторни барања. Фалсификувањето документација и сметки и погрешно прикажување на фактите претставува измама.

**ЗАПОЧНЕТЕ СО ПОТРОШУВАЧОТ**

Испорачајте квалитет во работата што ја работите

## ШТО ПРАВИМЕ

- Чесни сме и точни во сите извештаи, откривања, предвидувања и анализи
- Се придржуваме на сите закони, надворешни сметководствени барања и процедури на компанијата за пријавување информации
- Избегнуваме готовински трансакции секаде каде што тоа е можно. Ако не постои алтернатива, се осигуруваме дека готовинските трансакции се овластени, соодветно евидентирани и документирани
- Чесни сме кога поднесуваме и одобруваме барања за патување и трошоци
- Се осигуруваме дека сите договорни обврски што ги правиме во име на нашата компанија се соодветно одобрени
- Пренесуваме секаква загриженост за точноста или потполноста на финансиските извештаи.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не подготвуваме или поднесуваме лажни информации
- Не правиме нечесни или лажни внесувања во каков било извештај или документ
- Не ја претставуваме погрешно точната цел на која било трансакција
- Не создаваме неевидентиран или несоодветно опишан фонд
- Не продаваме, пренесуваме и не фрламе во отпад средства на компанијата без претходно овластување и соодветна документација
- Не претеруваме лажно и не ги префрламе количествата на продажба или профит помеѓу периодите на известување
- Неправилно не модификуваме ниту оштетуваме каква било документација на компанијата
- Не обезбедуваме никакви информации за нашите трансакции што би му овозможиле на потрошувачот или добавувачот да подготват неточни или лажни финансиски извештаи.

## ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** Последна недела е од периодот на известување. За да доставиме одличен резултат, може ли да евидентирам продажба сега што нема да биде фактурирана и испорачана до следната недела?

**О:** Не. Трошоците и приходот треба да се евидентираат во точни временски периоди. Продажбата официјално не е завршена се додека не постои договор за продажба, не е пренесена сопственоста на добрата, а цената на продажбата може да се одреди и може да се повлече. До тогаш ќе биде погрешно толкување да се вклучи оваа продажба.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ



## ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** Работам како сметководител и една од моите основни задачи е да организирам плаќање на фактури. Секој месец, исплаќам хонорар на консултантска компанија, но не верувам дека компанијата ни обезбедува некакви производи или услуги. Треба ли да продолжам да го плаќам тој хонорар?

**О:** Плаќањето за услуги што не ги добиваме би претставувало злоупотреба на ресурсите на компанијата. Треба да го прашате лицето што го овластило плаќањето зошто е тоа. Ако не добиете задоволителен одговор, треба да зборувате со вашиот претпоставен и може да е потребно да разговарате со член на тимот за финансии.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

ИЗЈАСНУВАЊЕ

# КОРИСТЕЊЕ НА РЕСУРСИТЕ НА КОМПАНИЈАТА

## НИЕ ОБЕЗБЕДУВАМЕ ПРАВИЛНА И СООДВЕТНА УПОТРЕБА НА РЕСУРСИТЕ НА КОМПАНИЈАТА.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Ресурсите на компанијата вклучуваат пари на компанијата, информатички системи (како лаптопи и телефони), опрема (како возила), капацитети, информации, интелектуална сопственост и време на компанијата. Овие ресурси ни се дадени за деловни цели. Неправилната употреба на ресурсите на компанијата има директно влијание врз профитабилноста на нашиот бизнис.

**ПРЕЗЕМЕТЕ ОДГОВОРНОСТ СО САМОДОВЕРБА**

Искажувате конструктивни сомнежи и бидете отворени за истото кон вас

## ШТО ПРАВИМЕ

- Ги користиме ресурсите на компанијата на начин што е соодветен, разумен и законски
- Се осигуруваме дека ги трошиме парите на компанијата во најдобар интерес за компанијата
- Се усогласуваме со политиките на компанијата за патување и трошоци
- Разбираме дека работата што ја работиме за компанијата и припаѓа на компанијата
- Точно го пријавуваме нашето користење на времето во компанијата
- Разумно и дозволено ги користиме информатичките системи на компанијата како што е е-пошта или телефон
- Ја почитуваме сопственоста и ресурсите што им припаѓаат на други организации како на нашите деловни партнери
- Се изјаснуваме доколку забележиме неправилна употреба на ресурсите на компанијата.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не ги користиме ресурсите на компанијата на начин што може да го компромитира нашиот бизнис
- Не ги користиме ресурсите на компанијата за лична добивка.



## ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** Имаме развиено нов производ што наскоро ќе се објави. Производот е продолжеток во линијата на една од нашите постоечки меѓународни марки. Знам дека ние ги поседуваме правата за таа марка, па дали има потреба да извршиме правни проверки?

**О:** Да. Дури и ако користите име на марка што веќе го поседуваме, вашиот нов производ може да содржи нови елементи како логоа, слики или варијанти на имиња што може да ги прекршат правата и сопственоста на другите Проверете ги сите нови производи или промотивен развој со Службата за интелектуална сопственост во рамките на правната служба.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

# ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

## ЈА ШТИТИМЕ НАШАТА ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ И ГИ ПОЧИТУВАМЕ ПРАВАТА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ НА ДРУГИТЕ.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Нашите трговски марки, права за дизајн, патенти, авторски права и доверливи деловни информации ги штитат резултатите на нашата напорна работа и ни пружаат конкурентска предност. Ако нашите средства од интелектуална сопственост се злоупотребат, нашите и интересите на нашите потрошувачи ќе бидат оштетени.

**СОРАБОТУВАЈТЕ СО ЦЕЛ**

Слушајте и почитувајте ја стручноста на вашите колеги

## ШТО ПРАВИМЕ

- Ја штитиме нашата интелектуална сопственост и пријавуваме секакви „имитирани“ производи, производи за кои се сомневаме дека се фалсификувани, или други што може да ги нарушат нашите права од интелектуална сопственост
- Ги почитуваме правата од интелектуална сопственост на другите
- Се осигуруваме дека ние сме сопственик на правата од интелектуална сопственост за секакви материјали или производи создадени или развиени за нас.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не користиме имиња, трговски марки или други елементи за дизајн кои потрошувачите може да ги поврзат со други кога ги продаваме, рекламираме или промовираме нашите производи
- Не користиме технологија, вклучувајќи софтвер, што може да ги наруши правата од интелектуална сопственост на другите.

# ИЗБЕГНУВАЊЕ НА КОНФЛИКТИ НА ИНТЕРЕС

## ШТО ПРЕДИЗВИКУВА КОНФЛИКТ?

Конфликт на интерес може да настане од бројни ситуации, вклучувајќи:

- Партнер, член на семејство или близок роднина е вработен од некој од нашите конкуренти, добавувачи или клиенти
- Љубовна врска во која се вклучени вработен и негов или нејзин претпоставен
- Постои линија на известување помеѓу роднини
- Вработен, партнер, член на семејство или близок роднина има финансиски интерес во постоечки или можен конкурент, добавувач или клиент
- Втора работа се натпреварува со или предизвикува проблеми поврзани со способноста на вработениот'да ја извршува неговата работа.

Ако имате некаква причина да верувате дека сте, или би можеле да бидете, во позиција каде што може да се јави конфликт на интерес, тоа треба да го откриете на вашиот претпоставен.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

ИЗЈАСНУВАЊЕ

НИЕ ДЕЈСТВУВАМЕ СО ИНТЕГРИТЕТ И ТРАНСПАРЕНТНОСТ, СПОДЕЛУВАЈЌИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ВРСКИТЕ, ФИНАНСИСКИТЕ ИНВЕСТИЦИИ, ВТОРИ РАБОТИ ИЛИ ДРУГИ МОЖНОСТИ ШТО МОЖЕ ДА ВЛИЈААТ НА НАШИОТ БИЗНИС НА КАКОВ БИЛО НАЧИН.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Личните врски и конфликти на интерес може да влијаат на нашата способност да донесеме одлука која е од најдобар интерес за компанијата.

**СОРАБОТУВАЈТЕ СО ЦЕЛ**

Споделете го вашето знаење и искуство со другите

## ШТО ПРАВИМЕ

- Избегнуваме ситуации каде што личните врски или финансиските интереси влијаат или стапуваат во конфликт со најдобрите интереси на нашата компанија
- Откриваме или бараме одобрение пред да направиме какво било лично инвестирање што може да е во конфликт со најдобрите интереси на нашата компанија
- Ги следиме постапките за набавка за секакви можни деловни можности или инвестиции.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не ја злоупотребуваме нашата позиција-за лична корист или за корист на некој со кого имаме лична врска
- Не криеме никаква лична врска, поврзаност или вработување што може да се смета за конфликт
- Намерно не игнорираме ниту сокриваме деловни можности од компанијата.



## ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** Би сакал да и испратам на колешка роденденски подарок дома како изненадување. Побарав од Човечки ресурси да ми ја дадат домашната адреса, но тие одбија. Ми кажаа дека не може да ми ја дадат нејзината домашна адреса бидејќи доколку направат така тоа би било прекршување на законите за заштита на податоци. Дали е тоа точно?

**О:** Да. Човечки ресурси немаат дозвола да ја споделат домашната адреса на вашата колешка со вас без нејзина непосредна дозвола.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

# ЗАШТИТА НА ЛИЧНИТЕ ИНФОРМАЦИИ

НИЕ ГИ ПОЧИТУВАМЕ ЛИЧНИТЕ ИНФОРМАЦИИ И ВНИМАТЕЛНО РАКУВАМЕ СО ИСТИТЕ ВО СОГЛАСНОСТ СО НАШИТЕ ПРАВНИ ОБВРСКИ.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Ние чуваме лични информации за нашите луѓе, клиенти, добавувачи и други. Ние имаме обврска да ги штитиме и почитуваме овие информации за да обезбедиме усогласеност со законите за приватност на податоци. Некои лични информации се чувствителни и може законски да се обработуваат само со исклучителна грижа.

**ЗАПОЧНЕТЕ СО ПОТРОШУВАЧОТ**

**Испорачајте квалитет во работата што ја работите**

## ШТО ПРАВИМЕ

- Собираме или користиме лични информации само за законски цели
- Објаснуваме зошто ни се потребни личните информации и како ќе бидат користени, барајќи согласност каде што е потребно
- Споделуваме лични информации само ако тоа ни е дозволено
- Безбедно ги чуваме личните информации
- Ограничуваме пристап до лични информации
- Ги чуваме личните информации точни и ажурирани
- Бришеме или уништуваме лични информации тогаш кога е тоа соодветно.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не пренесуваме лични информации до други земји без соодветна заштита
- Не дозволуваме луѓе да ракуваат со лични информации, освен ако ги разбираат нивните одговорности.

# УСПЕШНО УПРАВУВАЊЕ СО ИНФОРМАЦИИ

## ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** : Дадени ми се датотеки што содржат документи и е-пошта од колега кој го напушти бизнисот. Повеќето документи изгледаат прилично старо и не ми се од корист. Би сакал истите да ги фрлам, иако тие се однесуваат на стар клиент. Дали смеам?

**О:** Проверете со вашите колеги и вашиот претпоставен. Запаметете, треба да се осигурате дека нема правна или деловна причина за чување на документите пред истите да ги фрлите.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

ЈА КОРИСТИМЕ НАШАТА ДЕЛОВНА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА ДА ЕВИДЕНТИРАМЕ ВРЕДНИ ИНФОРМАЦИИИ ШТО НИ ОВОЗМОЖУВААТ ДА ПРИКАЖЕМЕ ДЕКА ГИ ИСПОЛНУВАМЕ НАШИТЕ РЕГУЛАТОРНИ И ПРАВНИ ОБВРСКИ.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Деловната документација може да има многу форми и да се складира на многу различни начини и во рамките на нашата компанија и од страна на нашите деловни партнери. Од нас се бара по закон, прописи и деловни потреби да чуваме документација за одредени временски периоди во зависност од содржината и природата на истата.

**ЗАПОЧНЕТЕ СО ПОТРОШУВАЧОТ**

**Комбинирајте податоци и сознанија, како и вашиот инстинкт и искуство за донесување одлуки**

## ШТО ПРАВИМЕ

- Внимателно и точно ги документираме деловните активности за кои сме одговорни
- Ги чуваме информациите организирани, препознатливи и достапни
- Осигуруваме дека документацијата се чува на таков начин што овозможува нејзино соодветно споделување
- Се усогласуваме со сите правни и деловни барања за евидентирање документација
- Редовно ја проверуваме документацијата и безбедно ја отстрануваме таа што веќе не е потребно да се чува или што треба да се отстрани во согласност со закон (вклучително да е усогласена со правилата за заштита на податоци)
- Се усогласуваме со секакви барања за суспендирање на отстранувањето на документацијата, вклучително и поради претстојни судски постапки или регулаторна истрага
- Ги почитуваме статутарните документи и периодите за чување на документација.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не споделуваме деловна документација со луѓе што не треба да ја видат истата
- Не чуваме деловна документација таму каде што истата не може да се најде од луѓето на кои им е потребна
- Не фрламе деловна документација без претходно да ја провериме
- Не ги игнорираме ознаките за класификација.

# ЧУВАЊЕ НА ДОВЕРЛИВОСТА НА ИНФОРМАЦИИТЕ



## ШТО Е ДОВЕРЛИВА ИНФОРМАЦИЈА?

Примерите за доверлива информација вклучуваат развој на производи и процеси, продажби, финансиски и маркетинг податоци, деловни планови, промени во потесното раководство и информации за преземања и спојувања. Во доверливи информации се вклучени чувствителните информации. Ако не сте сигурни дали некоја ставка се смета за доверлива, тогаш прашајте го вашиот претпоставен.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

## НИЕ СПОДЕЛУВАМЕ ДОВЕРЛИВИ ИНФОРМАЦИИ САМО СО ОНИЕ КОИ Е ПОТРЕБНО ДА ГИ ВИДАТ.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Создаваме, употребуваме и споделуваме доверливи информации секојдневно. Важно е да ја заштитиме доверливоста со цел да ги заштитиме нашите сопствени и интересите и репутацијата на компанијата.

**ЗАПОЧНЕТЕ СО ПОТРОШУВАЧОТ**

**Комбинирајте податоци и сознанија, како и вашиот инстинкт и искуство за донесување одлуки**

## ШТО ПРАВИМЕ

- Споделуваме доверливи информации само со оние што треба да знаат или имаат право да знаат
- Проверуваме дека луѓето со кои споделуваме доверливи информации ќе ги разберат ограничувањата кои се однесуваат на нив
- Преземаме дополнителни сигурносни чекори кога е потребно, на пример добри лозинки или шифрирање
- Особено внимаваме кога патуваме или сме во јавни подрачја
- Користиме договори за неоткривање кога споделуваме информации со нашите деловни партнери
- Ги почитуваме доверливите информации што им припаѓаат на други.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не им откриваме на другите во компанијата информација што не е јавно достапна, освен ако нема деловна причина тие да ја знаат
- Не им откриваме информации на луѓе или организации надвор од компанијата, освен кога се бара откривање за деловни цели или според закон
- Не настојуваме да добиеме или искористиме доверливи информации кои се однесуваат на други луѓе вклучувајќи ги нашите конкуренти дури и ако индиректно е добиена таа информација
- Не користиме доверливи информации од поранешен работодавач.

# УПРАВУВАЊЕ СО БЕЗБЕДНОСТА НА ИНФОРМАЦИИТЕ

## ГИ ЧУВАМЕ ИНФОРМАЦИИТЕ ЗА КОМПАНИЈАТА, ДЕЛОВНИТЕ ПРОЦЕСИ И СИСТЕМИ ЗАШТИТЕНИ ОД ЗЛОУПОТРЕБА.

### ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** Имам итен проект и треба да земам некои податоци дома за да работам на истиот. Ќе ги поставам на мојата услуга за складирање во облак. Дали тоа е проблем за безбедноста на информациите?

**О:** Да. Вашиот давател на личен простор во облак нема правна обврска да ги чува безбедни информациите на компанијата. Вие не може да ги поставите овие податоци на никоја услуга за складирање во облак што не е одобрена од компанијата. Зборувајте со вашиот локален раководител за ИС или службата за ИС.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

### ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Информациите за нашиот бизнис, нашите луѓе, клиенти, добавувачи и деловни партнери се суштински за нашиот деловен успех и ние сме обврзани да ги чуваме безбедно така што ќе ги заштитиме од губење или оштетување, како и неовластен пристап, користење, промена или откривање.

**ПРЕЗЕМЕТЕ ОДГОВОРНОСТ СО САМОДОВЕРБА**

Бидете одговорни и барајте одговорност од другите

### ШТО ПРАВИМЕ

- Ги штитиме информатичките системи на компанијата од неовластено користење или кражба
- Користиме добри лозинки
- Штитиме чувствителни информации кога патуваме или ги споделуваме со други
- Секогаш ја штитиме безбедноста на нашите информации кога користиме интернет/веб услуги
- Даваме пристап до нашите информации, деловни процеси или информатички системи само на оние кои имаат легитимна деловна потреба и кои се соодветно овластени
- Работиме со добавувачи кои соодветно ги штитат нашите информации и информатичките системи
- Кажуваме доколку забележиме дека нашите информации, деловни процеси или информатички системи се користат несоодветно
- Пријавуваме секаква загуба на чувствителни информации на компанијата.

### ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не ја користиме е-поштата на компанијата или интернет/веб услугите (услуги во облак, вдомување на датотеки, социјални медиуми и сл.) на начин што може да ја оштети репутацијата на компанијата или да ја обврзе компанијата на нешто врз што немаме контрола
- Не инсталираме никакви неодобрени апликации или софтвер на информатичките системи на компанијата
- Не ги онеспособуваме или избегнуваме сигурносните мерки на информатичките системи на компанијата
- Не пристапуваме, не складираме и не споделуваме ништо што може да се смета за навредливо за други или може да ја изложи компанијата на правна постапка.

# ИЗБЕГНУВАЊЕ ТРГУВАЊЕ СО ПОВЛАСТЕНИ ИНФОРМАЦИИ

## МОРА ДА СЕ ОСИГУРАМЕ ДЕКА НЕ ГИ ПРЕКРШУВАМЕ ЗАКОНИТЕ ЗА ТРГУВАЊЕ СО ПОВЛАСТЕНИ ИНФОРМАЦИИ.

### ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Наши луѓе може да имаат пристап до нејавни информации за финансиските резултати од работењето или идните планови на компанијата. Ако оваа информација може да влијае на цената на нашите акции или на одлуките на инвеститорите тогаш таа може да биде „внатрешна информација“. Незаконски е да се користат внатрешни информации (или „материјални внатрешни информации“) за да се купуваат или продаваат хартии од вредност како што се акциите на нашата компанија.

**ПРЕЗЕМЕТЕ ОДГОВОРНОСТ СО САМОДОВЕРБА**

Во ред е да се искаже мислењето

### ШТО ПРАВИМЕ

- Ги чуваме внатрешните информации внатре во компанијата
- Се усогласуваме со нашите прописи за објавување на информации
- Се осигуруваме дека имаме дозвола да тргуваме со акциите на Imperial Brands (ако е потребно).

### ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не тргуваме со акции на Imperial Brands или други хартии од вредност врз основа на внатрешни информации. Акциите ги вклучуваат „Американските депозитни акции“ (ADS или ADR)
- Не советуваме никого, дали внатре или надвор од компанијата да продава или купува акции врз основа на внатрешни информации
- Не користиме внатрешни информации кои се однесуваат на други компании
- Не шириме лажни или неточни информации за Imperial Brands или други јавно наведени акции за да влијаеме на цената на тие акции, практика позната како „злоупотреба на пазарот“.

### ШТО БИ БИЛЕ НЕКОИ ПРИМЕРИ НА ВНАТРЕШНИ ИНФОРМАЦИИ?

- Финансиски резултати пред објавувањето
- Содржината на нашите нацрт годишни извештаи и сметки
- Главни организациски промени
- Затворање на фабрика или други информации за реструктуирање
- Вести за можни аквизиции, откажувања, преземања, спојувања или заеднички вложувања.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ



ПОСИЛНО, ПОДОБРО, ЗАЕДНО

# СО НАШИТЕ КЛИЕНТИ И ДОБАВУВАЧИ

НАШИТЕ ВРСКИ СО КЛИЕНТИТЕ, ДОБАВУВАЧИТЕ И ДЕЛОВНИТЕ ПАРТНЕРИ ТРЕБА ДА СЕ ОТВОРЕНИ, ЦВРСТИ, ЧЕСНИ И ЗАСНОВАНИ НА ДОВЕРБА: НИЕ ГИ ПРИМЕНУВАМЕ НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ И СТАНДАРДИ КОГА РАБОТИМЕ СО НИВ.


**25** | Борба против нелегална трговија
**26** | Чесно натпреварување
**27** | Собирање на конкурентни информации
**28** | Испорачување квалитет, вредност и услуга
**29** | Одговорно рекламирање
**30** | Создавање успешни партнерства со добавувачите
**31** | Борба против поткуп и корупција
**32** | Давање и примање на подароци и забава
**33** | Избегнување на перење на пари
**34** | Усогласување со царинските и даночните барања
**35** | Усогласување со меѓународните санкции и трговски ограничувања

# БОРБА ПРОТИВ НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА

## ПРОИЗВОДИ НА НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА ВКЛУЧУВААТ...

**Криумчарење.** Легитимни производи купени со платен данок или без данок, но прокриумчарени и продадени нелегално на други пазари кршејќи ги фискалните или царинските закони. Овие производи се исто така познати како „стока од црниот пазар“.

**Фалсификати.** Производи што нелегално ги копираат постоечките марки и кои се произведуваат и/или продаваат прекршувајќи ги правата од трговска марка. Често криумчарени и нелегално продавани на други пазари.

**„Незаконски цигари со минимални давачки“.** Цигари произведени од мали производители (кои плаќаат минимален данок при производството). Често криумчарени и нелегално продавани на други пазари.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

ИЗЈАСНУВАЊЕ

НИЕ СЕ СПРОТИСТАВУВАМЕ НА НЕЛЕГАЛНАТА ТРГОВИЈА ВО СИТЕ ФОРМИ И СОРАБОТУВАМЕ СО ВЛАСТИТЕ НА ГЛОБАЛНО НИВО ЗА ДА ПОМОГНЕМЕ ВО СПРЕЧУВАЊЕТО НЕЛЕГАЛНИТЕ ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ ДА СЕ ПОЈАВАТ НА ЛЕГИТИМНИОТ ПАЗАР.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Постојат очигледни докази дека нелегалната трговија ги финансира организираниот криминал и тероризмот насекаде низ светот, па така елиминирањето на истата продолжува да биде еден од нашите врвни приоритети. Ние испорачуваме само производи со висок квалитет и нелегалната трговија и штети на нашата репутација и ја краде нашата интелектуална сопственост.

**СОРАБОТУВАЈТЕ СО ЦЕЛ**

Слушајте и почитувајте ја стручноста на вашите колеги

## ШТО ПРАВИМЕ

- Доставуваме производи само во количества пропорционални со домашната потрошувачка на одредишниот пазар и во дозволените количества за потрошувачите кои патуваат
- Соработуваме и доставуваме производи само на клиенти за кои сме уверени дека работат чесно и со интегритет, имаат изградена репутација и се посветени на почитување на нашата политика на усогласеност при доставување на производи
- Темелно ги истражуваме сите појави на сива економија на производите и преземаме соодветни дејства да го ублажиме ризикот од понатамошна појава на сива економија
- Ги известуваме нашите клиенти за нашето гледиште против нелегалната трговија и нивната одговорност да го почитуваат законот и нашите стандарди
- Проактивно работиме со владите и полициските служби низ светот да обезбедиме обука, поддршка при истрагите и да извршиме форензичка анализа на запленетите тутунски производи како и во обезбедувањето насоки за иницијативите против недозволената трговија за да се осигураме дека е преземено дејство за заштита на нашите марки
- Ги проверуваме податоците за нашите клиенти на годишно ниво.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не се изложуваме себеси на личен ризик или опасност кога прибираме податоци за или пријавуваме постоење на сомнеж за недозволена трговија
- Не продолжуваме да ги снабдуваме клиентите што се вклучени во нелегална трговија
- Не игнорираме никаков сомнеж дека клиент или добавувач може да биде вклучен во создавањето сива економија на нашите производи од легитимниот синџир на набавка.

# ЧЕСНО НАТПРЕВАРУВАЊЕ

## НИЕ СМЕ ПОСВЕТЕНИ НА ЧЕСНА И ОТВОРЕНА КОНКУРЕНЦИЈА И СЕ ПРИДРЖУВАМЕ НА СИТЕ АНТИ-МОНОПОЛСКИ ЗАКОНИ И ЗАКОНИ ЗА КОНКУРЕНЦИЈАТА ШТО СЕ ПРИМЕНУВААТ НА НАШИОТ БИЗНИС.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Законите за конкуренција се дизајнирани да се охрабри слободен пазар и да се заштитат потрошувачите и бизнисите. Иако овие закони се комплексни и се разликуваат од земја до земја, ние треба да ги почитуваме и да се усогласуваме со нив. Неуспехот да направиме така може да предизвика сериозни последици како многу високи казни, штета на репутацијата па дури и затворска казна.

**ИЗГРАДЕТЕ ЈА НАШАТА ИДНИНА**

**Предвидете ги идните можности и предизвици**

## ШТО ПРАВИМЕ

- Се осигуруваме дека ги разбираме законите за конкуренција што се применливи за нашиот пазар и се усогласуваме со нив
- Ги разбираме и се усогласуваме со конкуренцијата во групата и со анти-монополската политика
- Работиме и се натпреваруваме независно од нашите конкуренти
- Избегнуваме разговарање за какви било деловно чувствителни теми со конкурентите како што се цени, услови на тргување и пуштање на нови производи
- Ја ограничуваме интеракцијата со конкурентите и бараме правен совет пред да стапиме во каков било вид на договор со конкурент
- Применуваме високо ниво на внимателност на состаноците на трговската комора—дури и случајна размена на информации со конкурентите може да доведе до прекршување на законите за конкуренција
- Се осигуруваме дека веднаш се повлекуваме од какви било сомнителни или несоодветни дискусии кои конкурентите може да настојуваат да ги создадат, а потоа да известат за инциденти
- Таму каде што имаме доминантна позиција на пазарот, се консултираме со нашите правни тимови во врска со активностите за рекламирање или иницијативи за продажба како што се попусти, промоции или трговски програми за да се избегне злоупотреба на нашата позиција и да се осигураме дека остануваме усогласени со соодветните закони
- Почитувајте ги релевантните закони за конкуренција кога собирате и разменувате информации. Ве молиме видете го делот Собирање на конкурентни информации од Кодексот на однесување.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не ја користиме нашата доминантна позиција нечесно, со прекршување на применливите закони за конкуренција
- Не ги присилуваме конкурентите да го напуштат пазарот ниту спречуваме нови конкуренти да влезат на истиот
- Не правиме антиконкурентски договори со конкурентите вклучувајќи такви што:
  - штелуваат цени
  - имаат однапред договорени понуди
  - ги делат пазарите, клиентите или категориите на производи
  - бојкотираат добавувач, клиент или дистрибутер
- Не разменуваме информации директно со конкурентите или преку посредник без правно одобрување
- Не ограничуваме територии или групи на клиенти каде што нашите клиенти и дистрибутери може да препродаваат, освен ако немаме соодветно оправдување зошто правиме така
- Не наложуваме ниту се согласуваме на фиксни или минимални цени за препродавање со клиентите или дистрибутерите, ниту ја диктираме нивната маржа на профит или максималното ниво на попуст што може да го понудат (освен ако локалните закони не го бараат тоа од нас).

# СОБИРАЊЕ НА КОНКУРЕНТНИ ИНФОРМАЦИИ



## КОИ СЕ ПРИФАТЛИВИ ИЗВОРИ НА КОНКУРЕНТНИ ИНФОРМАЦИИ?

Следува список на некои општо прифатливи извори на конкурентни информации:

- Медиуми
- Интернет и веб-страници на компанијата
- Почитувани анкети во индустриската гранка
- Годишни извештаи
- ·Јавни говори на извршните директори на компанијата
- Јавно достапни документи кај владини агенции
- Собирање податоци на продажно место преку електронска опрема доставена од компанијата
- Разговарање со клиенти (но не со конкретна цел добивање доверливи информации што се однесуваат на нашите конкуренти).

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

## ГО СЛЕДИМЕ НАШЕТО КОНКУРЕНТСКО ОПКРУЖУВАЊЕ И ГИ АНАЛИЗИРАМЕ ТРЕНДОВИТЕ ЗА ДА ГО РАЗВИЕМЕ НАШИОТ БИЗНИС И ДА МОЖЕ ДА ГИ ИСПОЛНИМЕ БАРАЊАТА НА НАШИТЕ КЛИЕНТИ.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Разбирањето на условите во кои работиме ни овозможува да одговориме на барањата на нашите клиенти, но треба да се осигураме дека тие информации се собираат и користат законски. Споделувањето на информации со конкуренти, како и преку посредник, може да биде многу сериозно прекршување на законот за конкуренција.

**ИЗГРАДЕТЕ ЈА НАШАТА ИДНИНА**

Бидете еден чекор понапред, секогаш

## ШТО ПРАВИМЕ

- Ги собираме нашите информации правилно и законски
- Добиваме одобрување од правен советник, надворешен правен советник или од правната служба на Групата пред спроведувањето на кој било процес на размена на податоци што вклучува обезбедување на податоци за или од нашите конкуренти (вклучувајќи преку посредници или трети лица).

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не бараме или прифаќаме трговски тајни на конкурент или други доверливи информации
- Не се вклучуваме во индустриска шпионажа или тајно не надгледуваме за да дојдеме до информации што не се јавно достапни
- Не регрутираме вработени кај конкурент со цел добивање доверливи или комерцијално чувствителни информации
- Не разговараме со клиенти или вработени на конкурент за да добиеме доверливи информации.
- Не разменуваме комерцијално чувствителни информации или податоци (вклучувајќи податоци за продажба) со конкуренти (вклучувајќи и преку посредници или трети лица) прекршувајќи ги законите за конкуренција.



## ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** Ја покривам областа на продажба додека вообичаениот претставник е на одмор. Имам добиено поплаки од клиенти кои велат дека вообичаениот претставник е понекогаш неучтив и нерасположен да помогне. Тие можеби претеруваат, но не сакам да ги игнорирам. Што треба да направам?

**О:** Разговарајте со вашите колеги за вашите грижи за да видите дали тие имале слични искуства со тие клиенти. Кога вообичаениот претставник ќе се врати, споделете го вашето искуство на еден отворен, чесен и конкретен начин со него и со вашиот претпоставен за тие да може тоа заедно да го разрешат.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

# ИСПОРАЧУВАЊЕ КВАЛИТЕТ, ВРЕДНОСТ И УСЛУГА

ИСПОРАЧУВАМЕ ПРОИЗВОДИ И УСЛУГИ СО ВИСОК КВАЛИТЕТ НА НАШИТЕ КЛИЕНТИ И ПОТРОШУВАЧИ СО ПОСТОЈАНА ПРОВЕРКА И ПОДОБРУВАЊЕ НА РАБОТНИТЕ ПРАКТИКИ.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Нашата одржливост, успех и репутација зависат од нашата способност да испорачуваме извонредни производи и услуги и на нашите клиенти и на потрошувачите.

**ЗАПОЧНЕТЕ СО ПОТРОШУВАЧОТ**

Испорачајте квалитет во работата што ја работите

## ШТО ПРАВИМЕ

- Се фокусираме на квалитет во се што произведуваме и се што правиме
- Постојано настојуваме да ја подобриме ефикасноста на нашите деловни процеси, услуги и квалитет на производи
- Ги следиме и одржуваме нашите воспоставени процеси
- Се осигуруваме дека нашите врски со деловните партнери вклучувајќи клиенти, добавувачи и производители од трета страна се одржуваат во согласност со нашите стандарди
- Охрабруваме тимска работа за да ги подобриме нашите стандарди во работењето
- Спроведуваме ефективни контроли така што секој проблем поврзан со стандардите или квалитетот брзо се открива

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не ги прифаќаме и не ги игнорираме слабите стандарди
- Не пропуштаме да дејствуваме откако ќе забележиме проблем во квалитетот.



## ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** Легислативата за рекламирање и огласување на мојот пазар е многу понеограничувачка отколку правилата во нашиот МСР. Дали може да го игнорирам Меѓународниот стандард за рекламирање (МСР)?

**О:** Не. Нашиот МСР ја нагласува нашата посветеност за одговорно рекламирање на нашите производи. Ако вашиот пазар има закони или стандарди што се помалку ограничувачки тогаш треба да го применувате МСР.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

# ОДГОВОРНО РЕКЛАМИРАЊЕ

## НАШИТЕ ПРОИЗВОДИ СЕ НАМЕНЕТИ ЗА ВОЗРАСНИ И НИЕ ТОА ОДГОВОРНО ГО СООПШТУВАМЕ НА ВОЗРАСНИТЕ ПОТРОШУВАЧИ ЗА НАШИТЕ ПРОИЗВОДИ.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Ние сме посветени на рекламирање и огласување на нашите производи одговорно во рамките на законите, правилата на деловно однесување и доброволните договори на оние земји во кои ние работиме. Ги применуваме нашите стандарди за рекламирање(СР) на рекламни/промотивни материјали и активности за потрошувачите. Нашиот СР имаат првенство освен таму каде што локалното законодавство бара повисок стандард.

**ПРЕЗЕМЕТЕ ОДГОВОРНОСТ СО САМОДОВЕРБА**

**Кога ќе ја направам вистинската работа, мојот придонес ќе биде оценет праведно**

## ШТО ПРАВИМЕ

- Имаме јасно видливи предупредувања за штетноста по здравјето на сите наши производи од тутун
- Го почитуваме нашиот СР и локалните култури што постојат на нашите пазари
- Ги опишуваме нашите производи на начин што е усогласен со сите релевантни закони и прописи
- Потврдуваме дека сите тврдења што ги даваме се точни и може да бидат поддржани
- Се осигуруваме дека нашите деловни партнери се посветени на одговорно рекламирање.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не огласуваме и не ги рекламираме нашите тутунски производи на оние под 18 години или на непушачи
- Не користиме слики или друга содржина што може да се воочи како привлечна за малолетни лица
- Не тврдиме дека конзумирањето на производи од тутун е безбедно.

# СОЗДАВАЊЕ УСПЕШНИ ПАРТНЕРСТВА СО ДОБАВУВАЧИТЕ



## ПРОВЕРУВАЊЕ НА НАШИТЕ ДОБАВУВАЧИ

Ние редовно ги проверуваме нашите добавувачи користејќи објективни критериуми како што е соодветност на производ или услуга, цена, квалитет, резултати, доверливост и сигурност.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

ИЗЈАСНУВАЊЕ

ИЗБИРАМЕ И СОРАБОТУВАМЕ СО ДОБАВУВАЧИ КОИ ЈА ВРШАТ НИВНАТА РАБОТА НА ПРОФЕСИОНАЛЕН И ЕТИЧКИ НАЧИН.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Нашиот успех зависи од воспоставување и одржување отворени, чесни и непристрасни партнерства со добавувачи од доверба.

**СОРАБОТУВАЈТЕ СО ЦЕЛ**

**Имајте влијание, не диктирајте**

## ШТО ПРАВИМЕ

- Ги следиме нашите воспоставени процеси на набавка
- Вршиме длабинска анализиа кога избираме добавувачи за да се осигураме дека нивните практики нема да ја оштетат нашата репутација
- Се осигуруваме дека принципите на нашиот кодекс се одразуваат во договорите со добавувачите
- Ги охрабруваме и поддржуваме нашите добавувачи да ги усвојат соодветните стандарди
- Се однесуваме кон нашите добавувачи и деловни партнери со чесност и интегритет.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не прифаќаме и не игнорираме активности на добавувачот за кои се сомневаме дека може да го прекршуваат кодексот или стандардите
- Не дозволуваме конфликт на интерес или лична пристрасност да влијае на тоа како ги избираме или работиме со добавувачите.

# БОРБА ПРОТИВ ПОТКУП И КОРУПЦИЈА

## ШТО Е ПОТКУП?

- Поткупот може и да не е очигледен. Тој може да вклучи пари, услуги, подароци, прекумерна или неоправдана забава и други слични придобивки (вклучувајќи услуги). Давањето, нудењето или прифаќањето на што и да е од овие нешта може да се смета за поткуп, ако намерата е да се обезбеди или задржи бизнис или да се добие каков било вид на предност.

## СУДИР ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ

- Плаќањата за олеснување се еден вид поткуп. Таков пример е кога на владин службеник ќе му се дадат пари за да изврши (или да го забрза извршувањето на) нешто што е негова должност.
- Плаќања за олеснување никогаш не се дозволени, без оглед на местото, локалните закони или културата.
- Доколку дојде до ситуација каде што верувате дека постои можност да бидете изложени на лична закана доколку одбиете да извршите плаќање за олеснување, веднаш треба веднаш отворено да се изјасните.
- Ако се најдете себеси во ситуација каде што е неопходно да се изврши плаќање за да се спречи моментална закана по вашата безбедност, треба да го направите тоа и да доставите извештај во писмена форма до вашиот претпоставен и до службата за безбедност без одложување.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

## НЕ ТОЛЕРИРАМЕ ПОТКУП ИЛИ КОРУПЦИЈА.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Горди сме на нашата репутација дека работиме правилно. Усогласеноста со законите за поткуп и корупција е задолжителна секаде каде што работиме, а некои од овие закони може да се применуваат и преку границите. Прекршувањето на законите за поткуп и корупција е сериозен кривичен прекршок за поединците и компанијата на кои се однесува и може да доведе до големи казни па дури и до казна затвор.

**ИЗГРАДЕТЕ ЈА НАШАТА ИДНИНА**

**да ја заштитиме и подобриме нашата репутација во работењето на правилен начин со тоа што ќе одбиеме да се вклучиме во и да игнорираме корумпирано однесување.**

## ШТО ПРАВИМЕ

- Ги разгледуваме „црвените знаменца“ што укажуваат дека може да постои ризик од корупција
- Обрнуваме особено внимание на пазари каде што може да постои зголемен ризик од корупција
- Особено сме внимателни кога работиме со владини службеници
- Се осигуруваме дека консултантите што работат во наше име и ги имаат завршено длабинските проверки, се формално одобрени и се договорно обврзани да ги исполнат нашите стандарди
- Активно го обесхрабруваме користењето на поткуп или плаќања за олеснување на нашите пазари
- Пријавуваме секакво барање или потреба за потенцијално коруптивно плаќање.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не нудиме, плаќаме, овластуваме ниту пак прифаќаме поткуп без оглед на локалното право или култура
- Не нудиме, плаќаме и не овластуваме плаќања за олеснување
- Не се вклучуваме во корумпирано однесување
- Не бараме и не му дозволуваме на никој друг (како на нашите дистрибутери, консултанти или претставници што работат во наше име) да вршат коруптивни плаќања за нас
- Не нудиме и не даваме ништо од вредност на никој за обезбедување, одржување или олеснување на бизнисот (како што се плаќања за намалување на даноци или царински такси)
- Не се ставаме себеси во ризик од повреда за да избегнеме плаќање што може да се смета за коруптивно
- Не игнорираме и не пропуштаме да пријавиме корумпирана активност.

# ДАВАЊЕ И ПРИМАЊЕ НА ПОДАРОЦИ И ЗАБАВА



## ШТО Е „ЈАВЕН ИЛИ ВЛАДИН ПРЕТСТАВНИК“?

Дефиницијата за „јавен или владин претставник“ е многу широка и вклучува:

- Претставници и вработени од сите сектори на владата, вклучувајќи локални и регионални власти, судии, царински и полициски службеници
- Претставници на политички партии, вработени во политички партии и кандидати за политичка позиција
- Претставници или вработени во јавни меѓународни организации
- Оние кои се кандидираат или работат за бизниси кои се во сопственост или под контрола на владата
- Членови на кралско семејство
- Членови на семејство на владин претставник
- Луѓе кои поддржуваат или влијаат на владини претставници, како што се консултантите.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ

ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ

ИЗЈАСНУВАЊЕ

## НИЕ РАЗМЕНУВАМЕ ПОДАРОЦИ И ЗАБАВА ЗА ДА ИЗГРАДИМЕ ДОБРО РАСПОЛОЖЕНИЕ ВО НАШИТЕ ДЕЛОВНИ ВРСКИ, А НЕ ЗА НЕКАКВА НЕСООДВЕТНА ЦЕЛ.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Размената на подароци и забава може да ни помогне да изградиме посилни и подобри деловни врски, да покажеме учтивост или да промовираме добра волја. Но ние никогаш не треба да нудиме или прифатиме подароци и забава доколку тоа доведе до обврска или создаде претстава за обврска. Несоодветната размена на подароци и забава може да се смета за поткуп.

**ЗАПОЧНЕТЕ СО ПОТРОШУВАЧОТ**

Бидете остроумни во изборот што го правите – бидете љубопитни, поставувајте прашања, користете факти и податоци, барајте алтернативни ставови за да го тестирате вашето размислување

## ШТО ПРАВИМЕ

- Се осигуруваме дека подароците и забавата се скромни и соодветни и имаат деловна цел која може да се оправда
- Избегнуваме давање подароци, услуги или забава на јавни или владини претставници
- Ги следиме правилата кои се содржат во нашите упатства за подароци и забава до или од кој било ентитет во финансиската година што надминуваат 100 британски фунти или вредноста на ограничувањето на пазарот
- Ги евидентираме подароците и забавата во нашиот регистар за подароци и забава.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не нудиме и не прифаќаме готовина или еквиваленти на готовина како подарок
- Не нудиме и не прифаќаме ништо што може да се смета за нелегално
- Не нудиме и не прифаќаме ништо што може да направи да се чувствуваме непријатно ако јавно се осознае или што може да ја наруши репутацијата на компанијата.

# ИЗБЕГНУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ НА ПАРИ

## ПРЕЗЕМАМЕ АКТИВНИ ЧЕКОРИ ДА ГИ ИЗБЕГНЕМЕ РИЗИЦИТЕ ОД ПЕРЕЊЕ НА ПАРИ.

### ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Перењето на пари е процес на создавање претстава дека средствата добиени од криминални активности се легитимни или потекнуваат од законски извор. Тоа е сериозна криминална активност. Ние треба да се осигураме дека не сме искористени од други да переме пари или може да бидеме сметани за одговорни.

**ПРЕЗЕМЕТЕ ОДГОВОРНОСТ СО САМОДОВЕРБА**

Во ред е да се искаже мислењето

### ШТО ПРАВИМЕ

- Ги следиме нашите процедури „Познавајте го вашиот клиент"
- Прифаќаме само плаќања од клиенти, дистрибутери и други бизниси или поединци со кои вообичаено работиме и кои што биле подложни на длабински проверки
- Имаме дефинирани постапки со кои го потврдуваме идентитетот и легитимното работење на нашите клиенти
- Одржуваме детални процеси што го спречуваат прифаќањето на какви било потенцијално сомнителни плаќања
- Учиме како да ги препознаеме типовите на трансакции поврзани со активност на перење пари и пријавуваме секоја од нив доколку се сомневаме или ги забележиме.

### ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не прифаќаме никаква готовина или еквиваленти на готовина што се, или може да бидат, резултат на криминална активност
- Не игнорираме намерно или безобзирно ниту едно од „црвените знаменца" што посочуваат дека може да се случуваат неправилни финансиски трансакции.

### „ЦРВЕНИ ЗНАМЕНЦА" ЗА ПЕРЕЊЕ ПАРИ

Бидете внимателни за сомнителна активност што може да укажува на можни активности на перење на пари, како што се клиенти кои:

- Не сакаат да обезбедат лични или деловни позадински информации
- Сакаат да плаќаат користејќи големо количество готовина
- Не се грижат за цената или другите одредби и услови на набавката
- Сакаат да бидат платени на банкарска сметка во земја различна од нивната татковина или деловна дестинација
- Вршат трансакции што се невообичаени или несоодветни за нивната трговија или бизнис, или значително се разликуваат од минатите трансакции.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ



# УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИТЕ И ДАНОЧНИТЕ БАРАЊА

## НИЕ СЕ УСОГЛАСУВАМЕ СО ЦАРИНСКИТЕ И ДАНОЧНИТЕ ЗАКОНИ И ПРОПИСИ.

### ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Нашите производи се подложни на повеќе царински и даночни закони и прописи. Потребно е да ги разбереме истите и целосно да се усогласиме со нив.

**СОРАБОТУВАЈТЕ СО ЦЕЛ**

Споделете го вашето знаење и искуство со другите

### ШТО ПРАВИМЕ

- Се усогласуваме со прописите кои ги наведуваат увозните такси, данокот за додадена вредност, акцизниот данок и слично кои може да се плаќаат во врска со нашите производи како дополнение на данокот, поврзувачки или други регулативи што се однесуваат на данокот, на испораките ослободени од данок или со суспендиран данок
- Се осигуруваме дека уништувањето и документацијата за барање поврат на данок се правилно комплетирани, вклучувајќи го количеството производи и вредноста
- Се осигуруваме дека нашата документација е направена во согласност со локалните даночни и царински правила и прописи
- Се осигуруваме дека нашиот производ е уништен во надгледувана средина со точно ажурирани локални сметки и финансиска документација
- Пријавуваме секакви разлики кај применете производи или неточности во документацијата до соодветниот царински орган
- Чесни сме, точни и отворени во сите наши извештаи и потврди
- Ги знаеме и се усогласуваме со правилата и ограничувањата што се однесуваат на работењето со јавни претставници.

### ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не ја третираме залихата одредена за уништување како нова или „добра“ залиха
- Не пропуштаме да извршиме плаќање на данок и не ја менуваме документацијата за да избегнеме плаќање
- Не носиме примероци кога патуваме за деловни цели
- Не прифаќаме и не игнорираме каков било сомнеж за постоење на прекршување на нашите стандарди за царина и данок.

### ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** Сакам да назначам локален претставник да работи со нашите декларации за акцизни давачки. Дали постои нешто на што треба да обрнам внимание пред да го направам тоа?

**О:** Да. Одговорни сме за тоа што претставниците, посредниците или советниците го работат во наше име. Претставникот треба да биде проверен, а неговото користење формално одобрено. Одредбите на врската треба да бидат евидентирани и претставникот, посредникот или советникот мораат да бидат упатени да дејствуваат конзистентно со кодексот. Ако врската е тековна, може да се потребни проверки за потврдување. Исто така треба да биде јасно како претставникот ќе ве информира за какви било прашања што може да се појават.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

# УСОГЛАСУВАЊЕ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ САНКЦИИ И ТРГОВСКИ ОГРАНИЧУВАЊА



## ШТО СЕ САНКЦИИ?

Санкциите може да се разликуваат помеѓу земјите и да се менуваат во текот на времето, но општо тие вклучуваат ограничувања или забрани за:

- Деловни активности со именувани поединци и бизниси
- Увезување производи од санкционирана земја
- Извезување производи до санкционирана земја
- Префрлање на производите преку несанкционирана земја земја до санкционирана земја
- Финансиски трансакции и активности кои ја вклучуваат санкционираната земја или поединци и бизниси во тие земји
- Нови инвестиции во санкционирана земја
- Патување до или од санкционирана земја
- Ограничувањата исто така може да бараат од нас да добиеме дозвола за извоз за конкретни производи.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

## НИЕ СЕ УСОГЛАСУВАМЕ СО МЕЃУНАРОДНИТЕ САНКЦИИ И ТРГОВСКИ ОГРАНИЧУВАЊА.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Обединетите Нации, Европската Унија и многу поединечни земји применуваат строги контроли при извезување и тргување со одредени поединци, бизниси и земји. Прекршувањата може да доведат до кривични казни и парични глоби за нашата компанија и за вклучените поединци.

Санкциите на Соединетите Држави се особено строги. Граѓаните и жителите на САД, како и странски граѓани кои физички се наоѓаат во Соединетите Држави не смеат да се вклучат во никакви активности кои се однесуваат на одредени земји под санкции. Санкциите на САД забрануваат дури и телефонски повици или е-пошта од секого во границите на САД за вршење бизнис во земји опфатени од санкциите.

**СОРАБОТУВАЈТЕ СО ЦЕЛ**

**Слушајте и почитувајте ја стручноста на вашите колеги**

## ШТО ПРАВИМЕ

- Согледуваме кои санкции и трговски ограничувања се важни за нашите улоги и одговорности
- Се усогласуваме со санкциите и трговските ограничувања
- Се осигуруваме дека е извршена проверка на усогласеност.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не прифаќаме или не игнорираме никаков сомнеж дека меѓународните санкции или трговски ограничувања се прекршени
- Не пропуштаме да провериме дали се применуваат санкции или трговски ограничувања.



ПОСИЛНО, ПОДОБРО, ЗАЕДНО

# СО НАШИТЕ ЗАЕДНИЦИ

НИЕ ЈА ПОЧИТУВАМЕ НАШАТА СРЕДИНА И ЗАЕДНИЦИТЕ ВО КОИ ЖИВЕЕМЕ И РАБОТИМЕ НИЕ ТЕЖНЕЕМЕ ДА ГИ ПРИМЕНИМЕ НАШИТЕ ВРЕДНОСТИ НИЗ НАШИТЕ ЗАЕДНИЦИ ЗА ДА ПОМОГНЕМЕ ВО ЗАШТИТАТА НА СРЕДИНАТА И ДА ОБЕЗБЕДИМЕ ПОЗИТИВНИ ПРИДОБИВКИ ЗА ОПШТЕСТВОТО.


37 | Почитување на средината
38 | Придонесување во рамките на нашите заедници
39 | Соработка со влади и политички тела
40 | Комуницирање со инвеститорите, аналитичарите и медиумите



# ПОЧИТУВАЊЕ НА СРЕДИНАТА

## НИЕ СМЕ ПОСВЕТЕНИ ЗА ВОВЕДУВАЊЕ ЕКОЛОШКИ ПООДРЖЛИВИ НАЧИНИ НА РАБОТЕЊЕ.

### ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Сите ние имаме улога што треба да ја извршиме за намалување на нашето влијание врз средината и минимизирање на нашиот придонес за климатските промени. Ова помага да се извлече максимумот од ограничените ресурси и да се поддржат оперативната ефикасност и управувањето со трошоци.

**ИЗГРАДЕТЕ ЈА НАШАТА ИДНИНА**

**Прифаќајте ги промените и поздравувајте ги иновациите – бидете желни да пробувате нови работи и подготвени да учите од неуспесите**

### ШТО ПРАВИМЕ

- Ги следиме и имплементираме нашите упатства и стандарди за заштита на животната средина
- Настојуваме да користиме обновливи материјали и да развиеме пакувања, производи и начини на работење што се еколошки прифатливи, во исто време продолжувајќи да ги исполнуваме очекувањата на клиентите и желбите на потрошувачите.
- Го намалуваме отпадот, рециклираме и повторно користиме каде што е можно
- Штедиме вода и енергија и избегнуваме непотребни патувања
- Ги пријавуваме сите истекувања или невообичаени емисии во воздухот или водата
- Работиме со нашите добавувачи да ги подобриме влијанијата врз синџирот на набавка.

### ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не отстрануваме отпад невнимателно
- Не игнорираме и не прифаќаме никакви претпоставени или познати прекршувања на нашите политики и стандарди за заштита на животната средина.

### ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** Малите локални бизниси неодамна се пожалија на миризбата што доаѓа од местото на нашата фабрика, која се наоѓа во близина. Ние не можеме да почувствуваме миризба која е невообичаена. Треба ли да ги игнорираме нивните жалби?

**О:** Не. Ние сме обврзани да одговориме и да истражиме секакви жалби од соседите. Вие треба да го откриете лицето кое е одговорно за управување со животната средина на локацијата и да му ја објасните ситуацијата. Тие ќе истражат во склад со нашите стандарди и упатство и соодветно ќе одговорат.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

# ПРИДОНЕСУВАЊЕ ВО РАМКИТЕ НА НАШИТЕ ЗАЕДНИЦИ

## НИЕ СМЕ ПОСВЕТЕНИ НА ДАВАЊЕ ПОЗИТИВЕН ПРИДОНЕС НА ЗАЕДНИЦИТЕ ВО КОИ РАБОТИМЕ.

### ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Давањето позитивен придонес во рамките на заедниците е добро за ангажирањето на вработените, деловните врски и репутацијата на нашата компанија. Тоа е дел од нашата поширока улога во рамките на општеството. Како дополнение на нашите економски придонеси, нашите хуманитарни активности ги одразуваат нашите вредности.

**ПРЕЗЕМЕТЕ ОДГОВОРНОСТ СО САМОДОВЕРБА**

**Бидете одговорни и барајте одговорност од другите**

### ШТО ПРАВИМЕ

- Ги следиме и ги имплементираме нашите упатства за вклучување на заедницата
- Ги поддржуваме проектите на заедницата за подобрување на животот на луѓето
- Ги охрабруваме и им допуштаме на нашите луѓе да волонтираат за да им помогнат на нашите пошироки заедници
- Ги одобруваме хуманитарните интереси на нашите луѓе.

### ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не работиме со проекти на заедницата, хуманитарни активности или организации што не се официјално признаени, регистрирани или управувани
- Не ги користиме инвестициите во заедницата или хуманитарните донации за огласување или промоција на нашите марки или производи
- Не поддржуваме поединци
- Не поддржуваме проекти што може да предизвикаат јавна критика или во нашиот бизнис или во хуманитарната организација особено поврзани со малолетници, здравје, спорт, уметност и култура
- Не вршиме притисок врз другите да придонесат со време, пари или ресурси.




### ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** Вклучен сум во локална хуманитарна организација која ги поддржува неизлечиво болните возрасни лица во нашата заедница. Тие од нас побараа донација на подароци кои може да се дадат на аукција на настан за собирање средства. Може ли да и дадам на хуманитарната организација некои нешта?

**О:** Многу зависи од големината и природата на барањето што сте го добиле. Вашите колеги би требало да може да ви помогнат да одредите што вообичаено се случува на вашиот пазар и нивното искуство ќе ви овозможи да понудите разумни препораки до вашиот претпоставен. Вашиот претпоставен ќе треба да ја одобри донацијата. Во зависност од вредноста, може да се потребни дополнителни одобренија. Хуманитарни донации може да се даваат само на регистрирани/официјално признаени хуманитарни организации.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ



# СОРАБОТКА СО ВЛАДИ И ПОЛИТИЧКИ ТЕЛА

## ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** Од мене побараа да спонзорирам состанок на локална политичка партија. Ако го направиме тоа нашиот профил ќе порасне и ќе ни даде можност да соработуваме со доносители на политички одлуки. Може ли да продолжам?

**О:** Не. Нашата компанија е политички неутрална и како вработени ние не може да одбираме една политичка група во однос на друга.

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ | ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ | ИЗЈАСНУВАЊЕ

**НИЕ ТРЕБА ДА СОРАБОТУВАМЕ СО ВЛАДИ, РЕГУЛАТОРИ, ИНДУСТРИСКИ ТЕЛА И ГРУПИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС САМО АКО ИМАМЕ ПРЕТХОДНО ОДОБРЕНИЕ И РАБОТИМЕ ВО НАЈДОБАР ИНТЕРЕС НА КОМПАНИЈАТА.**

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Соработувањето со влади, регулатори, индустриски тела и групи од јавен интерес е важен и неопходен елемент на нашиот бизнис.

**СОРАБОТУВАЈТЕ СО ЦЕЛ**

**Имајте влијание, не диктирајте**

## ШТО ПРАВИМЕ

- Потврдуваме дека активностите на соработка се законски
- Се осигуруваме дека активностите на соработка се вршат од обучени вработени или политички консултанти кои се однапред формално одобрени
- Следете ги упатствата и политиките на компанијата кога комуницирате со политички партии и со политички кандидати.
- Останувaме политички неутрални во сите наши активности на деловна соработка
- Се осигуруваме дека нашите лични гледишта и мислења не може да се протолкуваат дека се на компанијата

Поддржуваме воспоставување на работнички комитети за политичко дејствување или слични организации, доколку е дадено претходно одобрување од одборот на директори на Imperial Brands.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Плаќајте за пристап или влијание кај регулаторите или специјалните интересни групи
- Не ја застапуваме и не тврдиме дека дејствуваме во име на компанијата при каква било политичка активност што ја вршиме како приватни лица
- Не ги користиме ресурсите на компанијата да поддржуваме приватна политичка активност.



## ПРАВИЛЕН ИЗБОР

**П:** Неодамна добив покана да присуствувам како воведен говорител на еден надворешен настан и сакам да зборувам за стратегијата и финансиските резултати на Imperial brands. Треба ли прво да прашам некого?
**О:** Да. Треба да разговарате за поканата со вашиот претпоставен и да се осигурате дека секој предложен материјал за презентација е одобрен од тимот за односи со инвеститори или од службата за комуникации пред употребата.




# КОМУНИЦИРАЊЕ СО ИНВЕСТИТОРИТЕ, АНАЛИТИЧАРИТЕ И МЕДИУМИТЕ

## НИЕ ПРИКАЖУВАМЕ КОНЗИСТЕНТНА ПОРАКА ВО СИТЕ КОМУНИКАЦИИ СО ИНВЕСТИТОРИ, АНАЛИТИЧАРИ И МЕДИУМИТЕ.

## ЗОШТО Е ТОА ВАЖНО

Нашата репутација зависи од нашето професионално и етичко однесување. Се што кажуваме и правиме и се што нашите надворешни акционери кажат за нас влијае на нашата репутација.

Акционерите, финансиските аналитичари, клиентите и многу други зависат од нас за обезбедување точни и доверливи информации за нашето работење, резултатите од работењето и финансиската перспектива.

**ПРЕЗЕМЕТЕ ОДГОВОРНОСТ СО САМОДОВЕРБА**

**Останете недвосмислено фокусирани на договорените приоритети**

## ШТО ПРАВИМЕ

- Го штитиме интегритетот на информациите што ги обезбедуваме така што осигуруваме дека на сите им даваме подеднаков пристап до соодветни и точни информации
- Се осигуруваме дека само обучени и авторизирани вработени зборуваат со инвеститорите, аналитичарите и медиумите
- Пренесуваме секакво медиумско прашање до нашиот локален тим за комуникации или службата за комуникации
- Упатуваме секакво прашање од инвеститор или аналитичар до тимот за односи со инвеститори во седиштето на компанијата.

## ШТО НЕ ПРАВИМЕ

- Не го прикажуваме бизнисот надвор освен ако не сме обучени и овластени тоа да го правиме
- Не дозволуваме да настане некаква конфузија помеѓу нашите лични гледишта и оние на компанијата.